Илегален Парнас

Бојан Бабиќ

Книгата е објавена со поддршка на Министерството за култура и информирање на Република Србија



Библиотека – Аквамарин

Главен уредник
Филип Димевски

Лектура
Ирена Ралева

Наслов на оригиналот:
Bojan Babić *Ilegalni Parnas*

© Bojan Babić, 2013

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Илегален Парнас

Бојан Бабиќ

(роман)


превод од српски јазик
Иван Шопов



Скопје, 2021

„Кога, мрзлив монаху, ќе почне да се точи
од глетката невесела на мојата беда
за рацете труд а љубов за моите очи?“
Шарл Бодлер, *Лош калуѓер*[1]

[1] Сите стихови од Шарл Бодлер во книгава се препеани од Влада Урошевиќ и цитирани од изданието „Цвеќињата на злото“, Македонска книга, Култура, Мисла, Наша книга, Скопје, 1982 (заб. на прев.).



Модулорот на Ле Корбизје

Писмо 1
За патувањето на исток

„Ќе ми дозволите уште само еден збор, уморен читателу: јас не ви нудам книжевност, зашто никогаш не сум ни учел да пишувам. Бидејќи ги школував своите очи да гледаат нешта, се обидувам со искрени зборови да ви ја раскажам убавината што ја сретнав. А мојот стил е конфузен, како и моето сфаќање на работите што е уште поконфузно."

Мој најдраг Ле Корбизје,

Толку се правдаше пред твоите идни читатели на твоите записи од патувањата.

А си патувал. Берлин, Дрезден, Прага, Виена, Вак, Будимпешта, Баја, Ѓурѓу, Белград, Књажевац, Ниш, Букурешт, Трново, Габрово, Шипка, Казанлак, Адријанаполис, Родосто, Константинопол, Бурса, Дафни, Атос, Солун, Атина, Итеја, Делфи, Патра, Бриндизи, Неапол, Помпеја, Рим, Фиренца, Луцерн, Нов Дух – тоа била твојата маршрута.

Пред големите војни, пред станбените блокови, во времето кога брзите автомобили и масовниот превоз со авиони претставувале нови можности што донесуваат свежи и подрски амбиции, во времето кога твоите сонародници супериорно трагале по егзотика, во времето кога посетата на Акропол си ја доживувал како по чудо остварен сон, во времето кога сè уште си бил Шарл Едуар Жанере, познавач на јазикот на каменот и сликар во

своите рани дваесетти години, пред еден календарски, а пред повеќе епохални векови, си тргнал на патување на исток без предрасуди и без голем багаж.

Од тоа патување си праќал назад во Швајцарија писма и патописни записи. Си ги адресирал на локалното Уметничко ателје, на стариот Перен, на Дамата што еднаш ти раскажувала дека ѝ се восхитува на романската кралица Кармен Силва, на сопственото сеќавање, си ги објавувал во шо-де-фонската ревија *La Feuille d'Avis*, си ги испраќал во историјата. Сепак, кога во троцифрената линија на градскиот превоз, седејќи на дрвеното седиште на автобусот во дебела пердувеста јакна, на пат кон проширувањето на градот во недоглед, ги читав сите тие записи собрани во една книга, чувствував, знаев, дека тие ми биле упатени токму мене, иако за мене за време на животот не си можел да знаеш.

Поради тоа чувство одлучив денес, сто години подоцна, да се обидам, од твојот исток, да ти одговорам на писмата, опишувајќи ја својата животна авантура, своето патување никаде. Патувањето на Парнас.



Роншанската капела

Писмо 2
За мртовечките глави

Најдраг мој Ле Корбизје,

Те замислувам како дете.

Поминуваш часови над Граматиката на орнаментите, го голташ секој збор на учителот Шарл ле Платење. Веруваш. Имаш и кому. Тоа е, велат, добар почеток.

Подоцна стануваш преобратен ловец на декорации. Некогаш непромислено си талкал низ неистражените краишта во потрага по геометриски, вегетабилни и зооморфни шари, по инспирација во апстракцијата, никогаш не знаејќи што ќе пронајдеш. А потоа си почнал со цел да се движиш низ светот, во сè препознавајќи нова поетика на просторот, од секој предмет отфрлувајќи ги вишоците, на свој начин негирајќи ги меандрите, акатусите, палметите, и оставајќи ја само едноставноста, убавината на функцијата.

Визуелен конвертит. Тоа си ти. Така јас те гледам, најдраг мој.

Те замислувам како мирновременски бегалец што, во време на невиноста на дваесеттиот век, уште таму пред сите војни, заедно со музичарите, трговците со маслиново масло, атинските вагабонти, се гужва на малиот брод полн со оние што се кријат од големите зарази во егејскиот архипелаг, некаде на Спорадските Острови.

Те замислувам како сликар.

Ти го провоцираш мртвилото на платното со животот на сликата. Ги распоредуваш Озенфановите шишиња и чаши, железничките јазли на Фернан Леже по sидовите на Павилјонот на новиот дух, држејќи се до принципот на пуризмот. Не, никакво моралистичко досадување, не човечка, религиозна грозничавост, туку она едноставното на природата, единственото иманентно на животот.

Те замислувам како порнограф, како се пенавиш над голото тело на дивјачката Жозефин Бејкер, како се ежиш над нејзиниот акт што настанува, како ја сакаш распојасана, жива, во својот скут, да се свива, облечена само во фустанче од банана, да те љуби, да ти се восхитува. Ја посакуваш, толку чиста, а толку далеку од секаква чистота, од секаква едноставност. Драг лицемер, ете што си. Примитивец. Само неколку чекори на твојата потсвест го делат нејзиниот црн задник од црниот покрив на роншанската капела.

Те знам како дрзок борец. Те гледам како, со добро промислена наивност, веруваш во иднината на човештвото, па јавно се гнасиш од алжирските бели варвари што со сила ги тераат цивилизираните староседелци да живеат како стаорци по правливите дупки, како се насмевнуваш додека трогателно разговараш со тие стаорци, ги храниш со трошки емпатија. Ним воопшто не им е важно. Или важно им е. Сигурен си дека баш ти си тој што без оружје ќе го промени светот, повеќе од секој војсководец и револуционер. А револуционер си. Комунјар си, најдраг мој.

А што е со Петен?

Почива на Ил де Је. Тој молчи. Ти премолчуваш. И јас ќе го премолчам тоа.

Те замислувам како гавран што јури на велосипед по калдрмата. Во тесен темен костум, со црн шешир и очила од оклоп на желка, или слонова коска, или обич-

на пластика што со бојата ги имитира споменатите материјали. Со свиткан, голем крив клун. Минувачите те загледуваат. Мештаните веднаш го свртуваат погледот, а оние што се првпат во Латинскиот кварт со внимание го проследуваат ова екстравагантно движење, од влегувањето во видокругот до излегувањето од него. Гавранот клука додека ги врти педалите.

Те замислувам како тврдоглавец. Никаков *jugendstil*. Никаков универзитет. Манастир – сè. Никаква институција. Ти си институција. Ти си строг општествен детерминист. Ти си неверник што се моли градејќи. Ти си генij.

Таков те замислувам, мој најдраг Ле Корбизје, романтизиран, во Шо де Фон, Париз, во Марсеј, во Виена, во Минхен, Берлин, во Букурешт, Истанбул, во Индија, во Бразил, на Атос. Те замислувам како дишеш, како ја гледаш земјата, каменот, дрвото, природата, како никој друг, со очи на бог.

Себеси не морам да се замислувам.

Себеси можам да се видам како го преминувам овој надвозник, секое банално утро.

Надвозникот се простира над пругата, ограден со висока жица. На жицата се закачени табли со пиктограми. На пиктограмите се прикажани, сведени на сликовната суштина, илустрации на молњи и мртовечки глави. На некои черепи им се доцртани коса, брада, мустаќи, сатански уши, пениси меѓу вилиците.

Кога возот минува под надвозникот, жиците се исполнуваат со струја од висок напон и можеш да станеш како овие од сликата.

Така се плашат децата.

Всушност, кога минува возот, ништо не се случува.

Кога се свртувам, зад себе, од јужната страна, гледам тесна, претесна глетка што ја одредува судбината на луѓето што живеат во неа. Таму се наоѓа малиот, врамен град. Го замислувам, вака безначаен, претставен на го-

блен како оние на кои домаќинките некогаш го посветувале секој свој миг непосветеност на готвењето или на чистењето, секој миг што им овозможувал илузија на спокојство и безбедност, куќна идила. Тој гоблен е сосема безуспешен, зашто нема јасна колорна дистанца помеѓу сивилото на градот и сивилото на небото. Се мешаат и формираат дамка од квалитетен конец марка Ројал, врамен во дебела, кружна, позлатена, гипсена рамка. Тешко ми е да го одвојам погледот од гобленот, тешко ми е да се откажам од тој мал, мал поглед на мојот роден мал, мал град. Не можам ни да ги раширам рацете, а да не удрам во неговите граници.

Во таа глетка нема место за една, јасна и гласна функционалност. Малиот град е само еден голем орнамент, природен симбол, симбол на сонцето, на пример.

Откако преминувам преку пругата, наидувам на индустриска зона.

Таму цистерните со пираленско масло чекаат погодна можност за преместување во уште позафрлено место, среде никаде. Паркинзите се празни. Оџаците се споменици што потсетуваат на времето на прогрес во овој музеј на постисторијата. Преостанатите вработени се бавни подвижни статуи што, наместо за камени екстремитети, се ускратени за секое доживување на духот на времето. Меѓу тие ѕидини се скриени производните хали на стравот, од глад умрените работнички кантини, ништото што толку транспарентно го исполнува времето. Некултурното наследство под заштита на минливоста.

Веднаш покрај фабричките комплекси, како антипод, како оксиморонска сценографија во театар на апсурдот, пространиот парк со липи и диспанзер за пациенти со белодробни заболувања. Напуштени кучиња што секое утро истрчуваат на улица и јурат со автомобилите со кои, кога еднаш би ги стигнале, не би знаеле што да прават. Неиспразнети канти за ѓубре.

Покрај липите, пред самиот влез во болницата, се шаренеат ниските крошни на расцутените магнолии. Лошите момчиња им подаруваат на девојчињата гранчиња со розови цветови, па потоа ги згрозуваат со приказни за туберкулозни и раздразливи, секако заразни пациенти, кои од своите прозорци плукаат право во овие нежни ливчиња.

Па Нада Пурић – не личноста, туку заборавената народна хероина што, поради ширење илегален комунистички печат, ја привеле во Главњача и со железен обрач ѝ го стегале челото, ѝ ги шибале лицето и градите со гумени жили, ја мачеле до смрт. Херојството избледува. Од него останува само името на едно од двете градски основни училишта. Да се зачува дотраениот инвентар во училишниот двор што мириса на детски страсти и стравови, одамна е единствената образовно-воспитна цел на наставниците изгубени во дваесет и првиот век.

Потоа потокот што се заледува во зимските, а пресушува во летните месеци. Околу него, пусти, во коров обраснати брегови што со зеленило се камуфлираат под сонцето и што се покажуваат во својата грдотија кога нема сонце. Брегови со кои, во разговорите со минувачите и малобројните намерници, граѓаните се гордеат како да е, во најмала рака, во прашање Невскиот проспект.

Потоа рид.

Потоа ништо.

Дури тука можам да запрам, после сè, над сè, три километри далеку од централниот плоштад и околу четири километри далеку од мојата куќа, од куќата на моите родители.

Таму ме чекаше Установата.

Но за неа ќе ти пишам утре, сега нè викаат на вечера. Пилешки батак и ризи-бизи.



Роншанската капела